З а п и с н и к

Од 14- та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 14-та редовна седница на ден 29.09.2022 година (Четврток) со почеток во 14:00 часот во просториите на спортската сала во општина Василево.
Седницата ја свика и ја водеше Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево.
На седницата од оправдани причини не присуствуваше советникот Илми Мустафов:
На седницата присуствуваше Славе Андонов градоначалник на општина Василево, Сањја Стојанова претставник од општинската администрација, Васе Костадинов представник од ЈКП „Турија Василево и Јасмина Соколова претставник од ООУ„ „Атанас Нивичански“ од Нова Маала.
Пред да биде предложен дневниот ред за работа на четиринаесетата седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од тринајсетата седница на совет на општина Василево одржана на ден 17.08.2022 година, немаше забелешки по записникот од претходната седница беше ставен на гласење од вкупно присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 14гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

За работа на 14-та седница на Советот на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

1. Давање согласност за формирање паралелки со број на ученици под законски одредениот број на ученици во ООУ „Гоце Делчев“, Василево;
2. Давање согласност на Годишиот план за вработување за 2023 година на ЈПКД „Турија“, Василево;
3. Годишен извештај за работата на ООУ „Атанас Нивичански“, за учебната 2021/2022 година
4. Разгледување на Барање поднесено од Билент Исинов.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 14 – та седница на советот на општина Василево за збор се јави Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево предложи надополнување на дневниот ред уште со една дополнителна точка:
Како 5-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Барање за финансиска подршка поднесена од ЗЗП. Агро сојуз Василево.
Немаше друг пријавено за збор предлогот на Ристо Делијанов да се надополни дневниот ред уште со една дополнителна точка: како 5-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Барање за финансиска подршка поднесена од ЗЗП. Агро сојуз Василево, беше ставен на гласење од вкупно присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.
Дневниот ред за работа на четиринајсетата седница на совет со усвоениот предлог на Ристо Далјанов да се надополни дневниот ред уште со една дополнителна точка: како 5-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Барање за финансиска подршка поднесена од ЗЗП. Агро сојуз Василево, беше ставен на гласење од вкупно присутни 14 советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа„ за„ „ против„ и „ воздржани„ нема.

1.

По отворената расправа по првата точка: Давање согласност за формирање паралелки со број на ученици под законски одредениот број на ученици во ООУ „Гоце Делчев“, Василево,за збор се јави Спасенка Митева претседател на комисијата за општествени дејности рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, немаше

Немаше друг пријавено за збор првата точка: Давање согласност за формирање паралелки со број на ученици под законски одредениот број на ученици во ООУ „Гоце Делчев“, Василево;беше ставен на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,,нема.

2.

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Давање согласност на Годишиот план за вработување за 2023 година на ЈПКД „Турија“, Василево; за збор се јави Спасенка Митева претседател на комисијата за општествени дејности рече дека конисијата на седницата ја разгледа и од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, немаше.

Крсте Панев побара образложение по точката:

Васе Костадинов во образложението рече дека барањето е поднесено до советот за нови вработувања за празните работни места во текот на 2021/2022 година, правникот што беше замина во друга фирма, тројца напуштија што значи во 2023 година само да се надополнат празните места.

Немаше друг пријавено за збор втората точка: Давање согласност на Годишиот план за вработување за 2023 година на ЈПКД „Турија“, Василево;беше ставен на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,,нема.

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Годишен извештај за работата на ООУ „Атанас Нивичански“, за учебната 2021/2022 година за збор се јави Спасенка Митева претседател на комисијата за Опшѓтествени дејности рече дека комисијата на седницата ја разгледа од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа за,, ,, против,, и ,, воздржани, нема,

Образложение даде Јасмина Соколова представник од ООУ Атанас Нивичански од с. Нова Маала рече дека ООУ Атанас Нивичански од с. Нова Маала врши воспитно образовна дејност на ученици од општина Василево од населените места Нова Маала, Добрашинци, Чанаклија и Висока Маала. Во училиштето е предвидена задолжителна настава според наставниот план и програма од Министерството за образование и наука, изборна додатна и дополнителна како и воннаставни активности во чиј состав се и слободните ученички активности. Наставата по задолжителните предмети ја реализират соодветни наставници за сите ученици од прво до девето одделение и се обезбедени бесплатни учебници. Наставата од прво до девето одделение ја реализират 38 наставници од кој 23 ученици во предметната настава и 17 во одделенска настава. Тука се вклучени и наставниците по

англиски јазик, природни науки, техничко образование и македонски јазик во турските паралелки. На турски наставен јазик во подрачното училиште во Висока Маала наставниците ја реализират 5 наставника. Вкупниот број на ученици на крајот на учебната 2021/22 година изнесува 359 ученици од кој 173 машки и 86 од женски пол. Во училиштето се реализира и изборна настава, во текот на мај и јуни со анкета на родители и ученици се утврдени изборните предмети кој ги изучуват во учебната 2021/22 година од понудените изборни предмети беа избрани во шесто одделение етика на религијата во седмо оделение проекти на информатика, вештини на живеење на нашата татковина, во осмо одделение се изучуват изборните предмети проекти од информатика вештини на живеење, во девето одделение се застапени изборните предмети техничко образование и нашата татковина. Во паралелките од прво до девето одделение на македонски наставен јазик се реализирани вкупно 562 часа на турски наставен јазик се реализирани 88 часа дополнителни и додатна настава. Во паралелките од шесто до девето одделение се реализирани вкупно 50 часа, дополнителна настава и додатна настава. Има и ученичка заедница на ниво на училиштето формирано и работи по изготвена програма. Оваа учебна година не е реализирана ниту една екскурзија во училиштето поради корона вирусот. На почетокот на учебната година од страна на вакционото одделение Струмица од страна на вакционото одделение струмица е доставена информацијата за вакциониот статус на учениците од прво до девето одделение. Сите ученици се редовно вакцинирани. Има реализирано четири родителски средби и повеќе индувидуални контакти со родителите на учениците кои имат дициплинската и нредовнос во наставата. Од страна на стручната служба се реализирани советувања за 138 родители чиј деца имат над 10 неоправдани изостаноци 100 оправдани или за намален успех со 3 или повеќе негативни отценки и несодветно однесување во училиштето. Реализирани се советувања за 146 ученика кој имат 10 неоправдани изостаноци 100 оправдани или со намален успех на ученици со три или повеќе негативни отценки за несоодветно однесување. Во месец Октомври првата недела е и организиран прием на првачиња во детската организација. Даден е и табеларен преглед успехот на учениците од шесто до девето одделение е среден успех на ниво на училиштето од шесто до девето одделение е 3,02. Највисок успех постигнале учениците по наставните предмети физичко и здравствено образование, нашата татковина и проекти од информатика, најнисок успех постигнале по наставните предмети нашата татковина а најнисок успех постигнале учениците по предметот Македонски јазик Етика на религијата природни науки Рече дека даден е табеларен преглед на успехот од шесто до девето одделение изразен во % од вкупно 148 ученици 27 ученици се одлични 17 многу добри 50 добри 39 доволен и 16 ја повториле учебната година. Највисок успех постигнале паралелките 7-мо 2 во просек 3,44 и 9-то 1 со просек 3,33. Годишниот среден успех на учениците во Висока Маала од 4-то до 5-то во учебната година што значи среден успех од прво до пето оделение 4,11 во четврто оделение 4,71 и во прво одделение 3,60 . Редовност и поведение на учениците во текот на учебната година од прво до девето одделение вкупно од оправдани причини изостанале 6039 часови а од неоправдани причини изостанале 902 часови. Годишниот вкупен број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2021/22 изнесува 6941. Девет ученика од шесто одделение, 2 ученика од седмо оделение, 4 ученика од осмо одделение и 1 ученик од девето одделение ја повторувааа учебната година. Во годишниот извештај е вметнат и годишниот извештај за работа на стручната служба за учебната 2021/22 се состои од повеќе подрачја. Првото подрачје планирање, програмирање и организирање на воспитно образована работа. Второ подрачје

следење на воспитно образовната работа. Трето подрачје советодавна работа со наставници ученици и родители тука спага соработка со наставници со родители и ученици. И последно подрачје аналитичка истражувачка работа. Во тековните активности планирани за учебната година се учествува за подготовка на седниците на наставничкиот совет свој предлози при формирање на дневен ред, презентација, извештаи и сугестии соработка со други организации и институции кои се непосредно и посредно поврзани со воспитно образовните работи, соработка со локалната самоуправа и стручно усовршување посети на семинари, ваденје педагошка евиденција на книга разговори со ученици, наставници и родители, соработка со стручни служби со други основни и средни училишта со размена на искуства и соработка со одредени ученици.

Немаше друг пријавено за збор третата точка точка од дневниот ред: Годишен извештај за работата на ООУ „Атанас Нивичански“, за учебната 2021/2022 година,беше ставена на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

4.

По отворената расправа по четвртата точка од дневниот ред: Разгледување на Барање поднесено од Билент Исинов.за збор се јави Спасенка Митева претседател на комисијата за Општествени дејности рече дека комисијата на седницата го разгледа барањето од 4 присутни члена ја усвои со 4 гласа за,, ,, против,, и ,, воздржани, нема,

За збор се јави Билент Исинов член на советот на општина Василево рече дека се работи за разгледување на Барање на оваа седница за да повторно пак да не се поставува на друга седница инсистира одма да се одпочне со постапката од некаде како локална самоуправа. Согласно објавените официјални резултати од пописот е јасен и како општината треба да одпочне со постапката како да се реализира. Општина Василево прв пат го исполнува тој % и има сознанија од други општини што имат почнато со оваа постапка. Во законот јасно е кажано дека општина Василево треба да поднесе барање до Министерството за локална самоуправа и да почне да применува според резултатите од пописот од каде што треба да се добијат насоки како понатаму да се постапува. Рече дека според Службен весник на РМ има објавено од 25 јануари 2002 година добро е кажано во законот за употреба на јазиците апелира како општина да почне од некаде да се спроведува, има информации дека така има направено и општина Конче.

Славе Андонов градоначалник на општина Василево рече дека официјално нема стигнато официјален документ од било која државна институција препоставува дека и општина Конче и било која општина дека немат добиено документ, доколку тие имат ќе има добиено и општина Василево, малку е и сомтиматично зошто сеуште досега нема добиено некој задолжителни насоки по кој треба општината да постапи доколку имаше добиено општината ќе постапеше и ќе беше спроведено. За тоа има Агенција за имплементација на обврската од тој закон Агенцијата нема покажано некој ангажман ниту доставено до општината. Колку што тој има информација инспекторатот во Пиперево нема постапено

од тоа што го слуша по медиумите дека не е ставено во план бидејќи планот за работа на нспекторатот е направен лани а по пописот општина Василево стана двојазична и препоставува дека наредната година ќе реагират да се преземат соодветни мерки во тие општини, Газибаба, Конче и Карбинци. Општина Василево ќе достави допис до Министерството за локална самоуправа за да добие насока што да работи понатаму. Рече дека за тоа има кажано и на предходната седница се што е во согласност со законот и добиените резултати од пописот ќе биде испочитувано од негова страна рече дека директно тој наредните денови ќе го достави барањето за употреба на јазиците во министерството за локална самоуправа во Скопје .

5.

По отворената расправа по петата точка од дневниот ред: Барање за финансиска подршка поднесена од ЗЗП. Агро сојуз Василево за збор се јави Ристо Делјанов претседател на Советот на општина Василево рече дека во барањето е наведено дека барат 15.000 денари.

Немаше друг пријавено за збор предлогот од 15.000 денари да се доделат по Барање за финансиска подршка поднесена од ЗЗП.Агро сојуз Василево,беше ставена на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Петата точка од дневниот ред: Барање за финансиска подршка поднесена од ЗЗП. Агро сојуз Василево со усвоениот предлог 15.000 денари да се доделат по Барање за финансиска подршка поднесена од ЗЗП. Агро сојуз Василево,беше ставена на гласење од 14 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 14 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Ристо Делјанов ја затвори 14- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на општина Василево
Претседател
Ристо Делјанов